# Дневна хемеротека за *30.05.2016г.*

## Tetova Sot - [Me orë ekologjike shënohet 5 Qershori Dita botërore e mjedisit jetësor]

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

## Me orë ekologjike shënohet 5 Qershori Dita botërore e mjedisit jetësor




in Maqedoni   27/05/2016

Me kumtesën e fushatës njëjavore për shënimin e 5 Qershorit Ditës botërore të mjedisit jetësor, ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ameti iu drejtua nxënësve të shkollës fillore "Ismail Qemali" në komunën e Çairit.

-Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor në bashkëpunim me UNDP dhe Milieukontakt Maqedonia e filloi fushatën për shënimin e 5 Qershorit Ditës botërore të mjedisit jetësor. Orë ekologjike do të mbahen gjatë kësaj dhe javës tjetër në shkollat fillore në 6 komuna të Shkupit. Interesante dhe atraktive është ajo se ora ekologjike do të realizohet në laboratorin lëvizës të Ministrisë, i cili njihet si Eko-karavan dhe i cili përsëri është vënë në përdorim me ndihmën e USAID-it në kuadër të projektit për strategji komunale të ndryshimeve klimatike i realizuar nga Milieukontakt Maqedonia. Temë e orës edukative janë ndryshimet klimatike, ngrohja globale, pasojat e shkaktuara nga to, ndërsa do të prezentohen edhe instrumentet për grumbullimin e të dhënave valide për proceset që ndodhin në mjedisin jetësor, për të fituar një pasqyrë më të qartë për ndryshimet në klimë – theksoi ministri Ameti. Qëllimi kryesor sipas ministrit Ameti nuk është vetëm të edukohet, por edhe të nxiten ndryshime në sjelljet e përditshme me të cilat çdo individ me pak përpjekje do të jap kontributin e vet për një mjedis jetësor më të pastër dhe të ruajtur.

Në orën ekologjike mori pjesë edhe drejtori i kësaj shkolle dygjuhësore Kadri Agushi, ndërsa nxënësit i vizitoi dhe i përshëndeti kryetari i komunës së Çairit Izet Mexhiti.




USAID






## Aktuale.mk - [Me orë ekologjike shënohet 5 Qershori Dita botërore e mjedisit jetësor (foto)]

Me kumtesën e fushatës njëjavore për shënimin e 5 Qershorit Ditës botërore të mjedisit jetësor, ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Bashkim Ameti iu drejtua nxënësve të shkollës fillore “Ismail Qemali” në komunën e Çairit.

## Утрински - *Тетовци и натаму дишат загаден воздух*

### ТЕТОВЦИ И НАТАМУ ДИШАТ ЗАГАДЕН ВОЗДУХ



**Греење нема веќе два месеца, а воздухот е загаден двапати над дозволеното**

Тетово - Градот под Шара и натаму е многу загаден. Навистина, според индикаторите што ги објавува Министерството за животна средина и просторно планирање, честичките ПМ 10 се со намалени вредности, но и натаму над дозволените. Ова особено се однесува за попладневните и претполноќните часови, кога се забележуваат и двапати поголеми над дозволените 50 микрограми на кубен метар.

За сегашната загаденост на воздухот во Тетово ќе се послужиме со слободни проценки, зашто официјални информации од надлежните органи засега нема. Факт е дека ниту домаќинствата, ниту поголемите или помалите стопански капацитети речиси два месеца не користат загревање на просториите. Тоа значи дека еден голем загадувач е елиминиран поради временски услови. Можеби и тука се крие основниот загадувач.

По неколкумесечно неработење, „Југохром" повторно ги вклучи печките за производство на феролегури, речиси со полн капацитет. Иако со прсти се покажуваше дека овој комбинат е „најголемиот" загадувач, сега оваа теза не се потврдува. Остануваат две отворени прашања: дивата депонија, која

надлежните ја нарекуваат „претоварна“ и преголемиот сообраќај, во кој се вклучени 50.000 патнички возила регистрирани во Тетово. Претоварната станица, која е на источниот дел на градот, под самата железничка пруга и во непосредна близина на капацитетите за брашно и леб, е преполна со отпад. ЈКП „Тетово“ и директорот добија кривична пријава, за кои судот изрече и казнени мерки, токму за делото загадување на човековата средина. Тоа што понекогаш од депонијата излегуваат чадови и главно во подоцнежните вечерни часови сигурно е една од причините. Втората – возилата остануваат како еден од големите загадувачи. И сообраќајот во Тетово добива во интензитет по попладневните часови.

Еве и неколку конкретни податоци што ги објавува Министерството за животна средина. Минатиот понеделник овие вечерни вредности изнесуваа 113 и 96, во четвртокот 94, петокот 78, а во саботата 139. Единствено во вторникот и средата честичките ПМ 10 биле во рамки на дозволените вредности, но главно како одраз на ветерот што го зафати Тетово. И вчерашните резултати од мерењата покажуваат повисоки вредности, а се движат од 84 па нагоре.

Неодамна во рамки на Универзитетот на Југоисточна Европа – Институтот за животна средина преку Министерството се снабди со неколку самоодржувачки мониторинг-станици, заради следење на загаденоста во поодделни реони. Токму од овие станици се очекува да се добијат резултати не само за големината на загаденоста, туку и за причинителите. Тоа треба да бидат индикатори за конкретните акции што треба да уследат и од централните и од локалните власти. (Г.Е.)

## Телма - *Се таложи отпадот кај претоварната станица во Тетово*

ТЕЛМА

Вести Спорт Промо серии и филмови Филмови Програма Конт

# Се таложи отпадот кај претоварната станица во Тетово

Ми се допаѓа Сподели 5 Tweet G+1 0 Pin it 29 May, 2016 - 17:01



Количините на смет кај претоварната станица во Тетово се зголемуваат откако жителите од гостиварските села, веќе десет дена со блокади не дозволуваат да се транспортира тетовскиот отпад во регионалната депонија Русино.

Тетовци велат дека во последно време се чуствува лоша миризба која доаѓа од правец на станицата лоцирана на влезот од градот. Бараат итно решение на проблемот.

Жителите од гостиварските села, неделава дозволија до Русино да се носи само сметот од Гостиварското комунално претпријатие. Забраната за транспортот на отпадот од другите полошко општини ќе трае, се додека како што велат, не се исполнат нивните две барања. Уредување на депонијата Русино која сега работи без никакви стандарди и изградба на патот по кој се носи комуналниот отпад до оваа депонија.

Од Општина Тетово, изјавија дека поради блокадата до Русино комуналното претпријатие отпадот од претоварната станица интензивно го транспортира во депонијата Дрисла.

Во меѓувреме додаваат од општината, се работи на долготрајно решавање на проблемот со комуналниот отпад.

Земајќи го предвид фактот дека во Република Македонија отпадот се менаџира на ниво на региони, Општина Тетово барањата на граѓаните кои го блокираат пристапот кон депонијата Русино, ќе ги разгледува и толкува во рамките на Центарот за развој на Полошкиот плански регион, соопштија од општинските власти.

Русино и локалниот пат кој води до оваа депонија требаше да ги уреди и стопанисува странски концесионер. Процедурата за избор на фирма беше во завршна фаза, но градоначалничката на ТетовоАрифи која раководи со Центарот за полошки плански регион ја поништи целата постапка, со образложение дека не биле запазени тендерските процедури.

**Зоран Димовски**




## ТВ21 - [Нема решение за тетовската депонија]

На влезот на Тетово се уште стои насобраниот отпад во дивата депонија, откако беше блокирана регионалната депонија „Русино“ во Гостивар, каде жителите од неколку населби не дозволуваат да се фрла отпадот.

## AlsatM - [Deponia "Rusino", ministri Ameti topin ua hedh komunave (VIDEO)]

ALSAT M

# Deponia "Rusino", ministri Ameti topin ua hedh komunave

16:11, 27 maj

Shpërnda publikisht:



Problemi me deponinë Rusino duhet të zgjidhet nga vet komunat ndërsa ministria e ekologjisë është e gatshme të ndihmojë në këtë çështje, ka deklaruar ministri, Bashkim Ahmeti.

"Planet për menaxhim të mbeturinave bëhen në nivel të rajoneve të Planore dhe ne jemi në pritje që plani për menaxhim me mbeturinat për rajonin e Pollogut të përgatitet në regjionin planor dhe të sillet në Ministri për miratim. Gjithsesi e ndihmojmë njëri tjetrin dhe jemi në kontakt të përditshëm", deklaroi Ministri i ekologjisë, Bashkim Ameti.

Ministri Ahmeti është shprehur i gatshëm t'i takojë jo vetëm banorët, por, edhe krerët e komunave të cilët kanë pengesa në realizimin e planit për menaxhim me mbeturinat.

“Nëse e keni fjalën për kërkesën për takim të disa qytetarëve dhe disa krerëve të komunave, unë jam gjithsesi i hapur dhe jemi në koordinim të ditëpërditshëm me kryetarët e komunave dhe jemi të hapur për takime me qytetarët se jemi këtu për tu kujdes për interesin e qytetarëve”,tha Ahmeti.

Banorët tani disa ditë kanë bllokuar deponinë Rusino për shkak se kjo ndikon në ndotjen e ajrit dhe dëmtimit të tokave bujqësore. Në këtë deponim mbeturinat i hedhin nëntë komuna të Pollogut.

**Bashkim Sulejmani**




## Tetova Sot - *Deponia “Rusino”, ministri Ameti topin ua hedh komunave (VIDEO)*

Problemi me deponinë Rusino duhet të zgjidhet nga vet komunat ndërsa ministria e ekologjisë është e gatshme të ndihmojë në këtë çështje, ka deklaruar ministri, Bashkim Ahmeti.

## Локално - [(ВИДЕО) Рудникот за злато кај Иловица ќе се гради следната година]

ЛОКАЛНО.МК

МАКЕДОНИЈА » БИЗНИС ГЛОБАЛНО » ЛОКАЛНО СПОРТ МАГАЗИН » К

### (ВИДЕО) Рудникот за злато кај Иловица ќе се гради следната година

Like 0 Tweet G+1 0 Share 0



Канадската Еуромакс ја чека дозволата од министерството за животна средина за да отпочне со изградба на рудникот за злато кај Иловица, информира 24Вести.
Од таму тврдат дека компанијата ќе ги почитува сите еко стандарди за заштита на животната средина. Инвестицијата се проценува на околу 450 милиони долари, а векот на рудникот е проектиран на 20 години
Прилогот за овој рудник можете да го видите тука

## 24 Вести - [Рудникот за злато кај Иловица ќе се гради следната година]

Канадската Еуромакс ја чека дозволата од министерството за животна средина за да отпочне со изградба на рудникот за злато кај Иловица. Од таму тврдат дека компанијата ќе ги почитува сите еко стандарди за заштита на животната средина.

# МИА - *Проекти за зачувување на природата на општините од Брегалничкиот слив*

ПОНЕДЕЛНИК, 30 МАЈ 2016, 11:11:37

МИА

МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

## Проекти за зачувување на природата на општините од Брегалничкиот слив

Препорачај 0

недела, 29 мај 2016 10:58



**Пехчево, 29 мај 2016 (МИА)** - Преку Програмата за зачувување на природата во Македонија, проект од Швајцарската агенција за развој и соработка, во Брегалничкиот слив кој опфаќа 15 општини, за проекти на НВО организации и општини се инвестирани 20 милиони денари.

Како што истакна Јасминка Пашалиска–Андонова, координатор за локални активности на Програмата, канцеларија во Пехчево, целта на овие проекти е да се сочува големата биолошка разновидност и природните екосистеми, преку промоција на нивно одржливо користење и управување.

- Активностите се реализираат на три нивоа: национално, регионално и локално. Во реализацијата на Програмата се применуваат холистички, партиципативен и системски пристап и има за цел да создаде поврзаност меѓу зачувувањето на природата и одржливиот развој, рече Пашалиска-Андоновска.

НВО организации од општините од Брегалничкиот слив, во рамки на двата повика имаат работено на 21 проект.

- Кај општините главно фокусот беше на еколошки практики, мерки за енергетска ефикасност, имаме само еден проект кој се однесува на зачувување на природата. Проектите на невладините организации , сите придонесуваат да ги зачуваме природните вредности и нивна промоција, но и да ја подигнеме јавната свест кај граѓаните за зачувување на природата. На пример, со проектите се опфатени водопадите во Градче, Кочани, Лесновскиот кратер во Пробиштип, дел од проектите се однесуваат на Осоговските Планини, Малешевските Планини, потоа за едукација на земјоделците за правилно практикување и зачувување на природата од нивниот аспект, ова посебно се однесува за виничкиот и кочанскиот регион каде имаме поинтензивни земјоделски активности. Значи, имаме многу разновидни проекти, од агробиодиверзитетот, зачувување на шумите и промоција на нивните вредности, специфични геоформации и слично, рече Пашалиска - Андоновска.

Инаку, Источниот плански регион со поддршка на Програмата за зачувување на природата, работи и на Стратегијата за развој на туризмот. Маријана Шушлеска, национален тим лидер на програмата, за МИА потенцираше дека Програмата има за цел да ѝ помогне на државата за зачувување на природните ресурси и нејзината билошка разновидност, во насока на нејзино правилно управување и користење.

- Почнувајќи од изработка на Национална стратегија за зачувување на природата, документ кој е многу важен за нашата државата, потоа преку документот Просторен план за ИПР, бидејќи најголемиот фокус на Програмата е насочен кон активностите на ИПР и општините од Брегалничкот слив, каде освен 9-те општини од источниот регион, спаѓаат и општините Конче, Лозово,Свети Николе и Кратово. Сакам да потенцирам дека Програмата ја поддржа и изработката на Стратегијата за развој на туризмот во Источно планскиот регион. Во овој регион туризмот е многу значајна економска гранка и во тек се активности за поддршка на 5 прироритети за развој на турзмот кои треба да започнат и да се реализираат во текот на оваа година, рече Шушлеска.

Првата фаза од 4 години на Програмата за зачувување на природата завршува до декември месец оваа година, по што ќе следува уште една фаза од 4 години. Програмата која е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка е координирана од Helvetas Swess Intercooperation и Фармахем. **дт/цр/10:55**

## Сител - *Проекти за зачувување на природата на општините од Брегалничкиот слив*

Преку Програмата за зачувување на природата во Македонија, проект од Швајцарската агенција за развој и соработка, во Брегалничкиот слив кој опфаќа 15 општини, за проекти на НВО организации и општини се инвестирани 20 милиони денари.

## А1 Он - *Проекти за зачувување на природата на општините од Брегалничкиот слив*

Преку Програмата за зачувување на природата во Македонија, проект од Швајцарската агенција за развој и соработка, во Брегалничкиот слив кој опфаќа 15 општини, за проекти на НВО организации и општини се инвестирани 20 милиони денари

## Порта 3 - 5 јуни – Светски ден за заштитата на животната средина

ПОРТА3
ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА
ЕКОЛОГИЈА

### 5 јуни – Светски ден за заштитата на животната средина

Like 0 Share 0 Tweet G+1 0 Pin it

Светскиот ден за заштитата на животната средина се одбележува секоја година на 5 јуни.




Целта на одбележувањето на овој датум е свртување на вниманието кон еколошките проблеми во светот, а по тој повод се организираат бројни активности со учество на јавноста, владиниот и невладиниот сектор.

Датумот 5 јуни е избран затоа што на овој ден во 1972 година се одржало Годишното собрание на Обединетите нации во рамките на кое 113 држави со заедничка изјава се обврзале на меѓународна соработка во насока на заштита ан животната средина.

## ТВМ - Истражувачко новинарство во екологијата

ТВМ ТЕЛЕВИЗИЈА

28 Мај 2016

### ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО ВО ЕКОЛОГИЈАТА

Written by Николоска Биљана.



Новинарите и медиумите парцијално ги познаваат проблемите од животната средина и така известуваат. Првата од четирите тематски работилници за развој на капацитети кај одбрани чинители поврзани со развојот на еколошкото истражувачко новинарство ја обработува легислативата за пристап на информации и учество во донесувањето на одлуки, појаснува проект менаџерот Кирил Ристоски. Според неговите размислувања еколошките теми и проблеми малку се застапени во медиумскиот етер и тоа во лимитиран временски период во текот на годината.

**„Застапеноста на еколошките теми и проблеми во медиумскиот простор е некаде под 5% и ова пред се е причина поради недоволното познавање на пред се еколошката легислатива и еколошките закони и подзаконски акти од страна на новинарите, а од друга страна пак локалните граѓански организации кои што делуваат во определени тематски области кои што ја покриваат екологијата недоволно соработуваат со локалните медиуми поради пак нивниот слаб капацитет за медиумско застапување и лобирање“** - вели Ристоски.



Гоце Трпковски, новинар, вели дека еколошките теми ги работат мал број на луѓе во одреден медиум. Според него, новинарот треба да има способност да препознае конкретни теми и приказни за да може да ги „продаде“ на уредникот со цел да добие зелено светло за да ги работи.

**„Главниот капитал е во знаењата на податоците, од каде да се земат, како да се прочитаат и кои експерти се најдобри сето тоа да го протолкуваат и да може сето тоа полесно да и се претстави на јавноста. Умешноста е исто така многу стручна и комплекна тема да се претстави на едноставен начин тука најмногу е истакната делот на новинарите“.**

Проектот истражувачко новинарство во екологијата, треба да овозможи еден полесен трансфер на релевантни податоци помеѓу граѓанските организации и медиумите до пошироката јавност преку овозможување на ефективни алатки за граѓанско новинарство и пред се овозможување на десеминација на информации преку нов информативен портал кој што од овој месец ќе биде пласиран во јавноста, како што велат организаторите од граѓанскот здружение „Флорозон“.